# ИНФОРМА ЕИС - БИЛТЕН

## Јануари - Април, 1996 година

### Модератори на конференциите на ИнФорма ЕИС:

*0. Приватна пошта (без модератор);*
*1. ИнФорма ЕИС - Мирко Спироски;*
*2. ИнФорма - Арменд Салиу;*
*3. Новости (без модератор);*
*4. Разно (без модератор);*
*5. Интернет е-маил (без модератор);*
*6. Интерна (за модератори на ИнФорма ЕИС);*
*7. Отпад (за модератори на ИнФорма ЕИС);*
*8. MAKEDON discussion list - Борис Шопоски;*
*10. Хардвер - Гунтер Кубе;*
*11. Софтвер - Златко Цеков;*
*12. Комуникации - Огнен Фирфов и Грозда Бузалкова;*
*13. Хумор - Александар Ристоски;*
*14. Научна Фантастика - Владимир Симовски;*
*15. Македонска информатика - се бара модератор;*
*16. Програмирање - Климент Андреев;*
*17. Култура - Петар Чичев;*
*18. Наука - Елизабета Лазаревска и Златко Черепналкоски;*
*19. Игри - Костадин Граматиков;*
*20. Политика - Мирко Спироски;*
*21. Списанија/Книги - Петар Кајевски;*
*22. Купувам - продавам - Здравко Стафилов;*
*23. Спорт - Здравко Стафилов;*
*24. Оперативни системи - се бара модератор;*
*25. Трибина - Форум - Димитар Грозданов;*
*26. CD-ROM сцена - Зоран Јермилов;*
*27. Музика - Ѓоко Мишковски;*
*28. Без_Врска (без модератор);*
*29. OS_Unix/Linux - Огнен Ивановски;*
*30. Групи (експериментално) (без модератор);*
*31. Adult - Ана Кајевска;*
*41-49. Комерцијални конференции;*
*50. СИДА - AIDS - Горан Весов;*
*100-159. U'NI-net конференции (без модератор);*
*200-244. YU-Интернет конференции (без модератор).*

## 1. ИнФорма ЕИС

From : VLADO HANDZISKI
Number : 7791 of 8024
To : MIRKO SPIROSKI
Date : 14/03/96 00:31
Subject : Nova konferencija

Ти се обраќам како Sysop на Informa EIS со еден предлог. Имено, анализирајќи ги пораките во Комуникации и во Софтвер, во последниве неколку месеца, може да се забележи дека еден добар процент се врзани со поимот Интернет. Ова можеше да се очекува, имајќи го во предвид фактот дека сега имаме веќе два комерцијални full i-net провајдери (а според некои гласини во скора иднина бројот ќе се зголеми уште за неколку) кои како-така отворија еден прозор кон светот за поширокатa "модемска" јавност. Со самото ова, како што веќе гледаме, стануваат интересни темите кои се поврзани со софтверот кој е потребен за приклучување на I-net, негово инсталирање итн.

Мислам дека нема да биде лош потег ако се отвори нова конференција "Интернет" во која корисниците на Informa EIS ќе можат да се информираат за ове теми. Исто така разговорите водени во оваа конференција ќе овозможат и запознавање на оние кои сеуште не ја вкусиле "болеста" наречена Интернет. Би можеле да се позанимаваме и со културните и филозофските димензии на Cyber Space-от. Мислам дека оваа конференција ќе биде најдоброто место каде што новите "корисници" на Интернет би можеле да црпат искуства и совети од неколкумината "зависници" на Интернет :)) кои активно учествуваат во комуникациите на Информа. Конференцијата би била место за запознавање со интересните случувања на Интернет, би можело да се прават и кратки описи на се помногубројните Plug-in апликации кои овозможуваат се поинтересни и поубави начини да се потрошат парите, а со тоа да се наполнат џебовите на провајдерите :) но верувајте во сево ова има таква драж (како е преводот на македонски ?) да ретко кога покрај такви убавини човек помислува дека тоа чини и тоа за наши услови не баш малку.

За да не се добие впечаток дека Интернет е само една скапа играчка за деца, и многуминатa бизнисмени кои се најавуваат на Информа би имале шанса да се запознаат со можностите за деловни контакти, пребарување на информации, on-line shopping итн. итн. кои им ги нуди глобалната светска мрежа. Исто така тука соодветно место би требало да најдат и новите тенденции од областа на програмирањето кои се појавија во последниве 2 години како директен резултат на бумот кој Интернет го направи пред се во областа на WWW - појавата на новиот јазик - Java и влијанието кое тој го има во поглед на максимална независност од платформата на која Java програмите се извршуваат. Да не се лути Гунтер :), Интернет врши силно влијание и на хардверот и тоа не само на оној дел кој овозможува се побрза комуникација туку и на самиот концепт на компјутер - битката кој прв на пазарот ќе го исфрли т.н. Net box - мултимедијален компјутер чија единствена цел ќе биде да обезбеди што поефтин приклучок на корисниците во поглед на хардвер, се проценува дека цената ќе му биде 500$. итн, итн...

Уф, очигледно дека се заборавив, им се извинувам на сите ако ги удавив со пораката. Конкретно, освен отварање на оваа конференција, мислам дека треба и соодветниот директориум WWW да се смени во Internet, така да тука си најдат адекватно место и апликациите поврзани со другите сервиси кои се нудат на Интернет, пред се мислам на IRC и на ftp. Со надеж дека иницијативата ќе наиде на подршка и од другите корисници на Информа,

Поздрав, Ханџо!

## 2. ИнФорма

From : VLADIMIR SITNIKOVSKI
Number : 2008 of 2008
To : MIRKO SPIROSKI
Date : 12/04/96 03:10
Subject : Informa

VS>Дечки,

Помина долго време од излегувањето на најновиот број на весникот ИнФорма, а вие се уште молчите?

Ќе каже некој нешто, или по традиција јас да почнам ?

Ситник

MS> Како издржа до сега :-)))

Бев зафатен со некои работи, а вечерва, свечено ќе дадам пофалба на темите во ИнФорма 19, за да оставам место и за негативна критика во наредните реплики како би можеле да ме препознаете :)))

Користам прилика да му изразам јавна благодарност на професор д-р Данчо Давчев за издавањето на книгата **"Multimedia Systems"** со една замерка: Можеше неколку книги да бидат и на македонски јазик! и со едно прашање: Дали можам книгата да ја набавам во МК и каде, или треба да ја нарачам од УСА!? Честитки и до Министерството за наука што му даде доверба. Честитки и до Арменд Салиу за успешното интервју. Честитки и до ИнФорма, малку со задоцнување, но без проблем бидејќи книга како книга е вечна и не губи од својата вредност.

Пофалба и до Гунтер Кубе, кој знае некогаш од памет да ме извади :)). Читајќи го насловот **IN MEMORIAM,** си реков "леле чоеков починал, ќе јадеме блага пченица":))), но срекa утредента го гледам наголемо реплицира и се расправа... ми дојде душата на место :)

Значи капацитет чоек, да не речам од 4,7 МЕГА ФАРАДИ :)))

Посебно ми се бендиса насловот **ПРОФЕСИЈА СИСТЕМ АНАЛИТИЧАР**, напишана од Љупчо Точевски бидејќи најпрецизно е дадена анализа на целата проблематика во оваа област. Верувам дека повеќемината од вас ќе го посакаат ова работно место кога ќе го прочитаат фактот дека се работи за најплатена професија во историјата на информатиката.

Темата на бројот **TELECOM 95**, живописно опишана од Чабукот, е за голема пофалба. Иако се разочарав кога прочитав дека немало ниту еден претставник од МК, сепак некој најде време да ја претставува републиката и успешно да ни ги пренесе импресиите од настанот. Државава ваков превид во иднина не смееме да си дозволи.

Се што ве интересираше за **МАКЕДОНСКАТА СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА ТАСТАТУРИ И КОДНИ ТАБЕЛИ,** Аспасија ви го прикажа на најдобар можен начин, признавајќи дека имаше застој од 3-4 години во нивната работа, но верувам дека таков застој во иднина нема да има. Претпоставувам дека застојот произлегува од нашата слаба информатичка култура и се надевам дека во понатамошната работа, соработници ќе бидат оние кои навистина заслужуваат место во оваа проблематика, а нивниот труд ќе биде соодветно награден како стимул за поуспешна работа. Чинам дека имаме на ЕИС-ов многу способни луѓе, за кои за да се дојдеше до нив, ќе беше доволно конкурсот да се објави во повеќе јавни медиуми. Ако пак некој смета дека работата е завршена, нека ни е со среќа оваа стандардизација, а јас повторно ќе бидам оптимист надевајќи се дека за информатичкиот РЕЧНИК кој што е неминовен заради донесување на Законот за информатика, ќе бидат вклучени сите заинтересирани без разлика на нивното животно искуство и возраст, а по пат на селекција, ќе бидат земени во предвид најсоодветните термини. Пример: Не за друго, ТАСТАТУРА е српски збор кој во времето на МИПС, Чапче го преведе како КЛАВИШНИЦА. Не е воопшто битно дали ви се бендисува или не, битно е дека преводот е на македонски јазик, кој со тек на време ќе го прифатите и ќе Ви биде повеќе од симпатичен... Ова е само еден пример, кој е честопати споменуван во текстот, а за останатите што ги применуваме во праксата, да не говорам...

За поранешните збиднувања на ИнФорма ЕИС се погрижи Мирко и во **ЕИС Билтенот** ги прикажа најинтересните муабети. Тука стојат и празните модераторски места, па ако сте способни за модерирање, повелете, пријавете се, ако ништо друго, без пари ќе ви бидат достапни горниве информации, за кои се надевам дека нема да зажалите.

Земено во целина, и овој број не беше промашен, а малиот број на страници е резултат на недостиг на хартија :), се надевам дека следниот ќе биде многу побогат и подебел...

Ситник

П.С. Ме интересира името на авторот за темата ПРИСТАП ДО СЕРИСКАТА ПОРТА И ПЕЧАТАРОТ ОД БИОС-ОТ ?

## 3. Новости

From : DIME TUMBOV
Number : 1382 of 1419
To : ALL
Date : 02/04/96 13:30
Subject : Diplomska...

И бидна дипломска !

Значи на 26.03.96 во просториите на Д.О.О. "Грнаров" со успех ја одбранив дипломската тема ДИРЕКТОРСКИ ПОГЛЕД за информациониот систем во МХК "Злетово". Задача на оваа дипломска работа беше да се испитаат барањата на раководството на МХК "Злетово", и да се направи соодветен програмски модул со кој тие ќе добиваат извештаи за работењето на нивното претпријатие.

Дипломската работа ја изработив во **ORACLE RDBMS 7.0**, а ги користев следните алатки:

- **-SQL*Plus 3.0** за креирање на релационите табели;
- **-SQL*Forms 3.0** за креирање на формите;
- **-SQL*ReportWriter 1.1** за изработка на извештаите;
- **-SQL*Menu 5.0** за изработка на менито на апликацијата.

Хардверот на којшто работев во фирмата "Грнаров" е еден DEC сервер 5100-Digital со терминал VT420. Карактеристично е што повеќето извештаи се базираат на веќе креирани табели од останатите програмери во оваа фирма, кои веќе подолго време го работат овој информационен систем. Но, имаше и такви извештаи кои не беа работени дотогаш и затоа морав да изработам комплетна ORACLE апликација почнувајќи од креирањето на релационите табели (SQL*Plus), преку изработката на формите на апликацијата за внесување на податоците (SQL*Forms), до креирањето на извештаите (SQL*ReportWriter) и менито на апликацијата (SQL*Menu). Во сето ова многу ми помогнаа вработените во Д.О.О. "Грнаров" и МХК "Злетово", на кои им се заблагодарувам.

Зошто дипломската ја бранев во "Грнаров"? Затоа што не беше можно да се префрли апликацијата на ЕТФ, бидејќи таму е инсталиран ORACLE V.6, а не 7-ка.

Комисијата во состав проф. д-р А.Грнаров, доц. д-р А.Тентов и асс. м-р Ј. Макрадули ја оценија оваа дипломска работа како исклучително корисна и ја оценија со оценка 10, иако на нашиот факултет веќе се укинати оценките на дипломските работи.

Тумба




## 4. Разно

From : JELENA LAZOVA (Moderator)
Number : 10783 of 10977
To : BRANKO AVRAMOVSKI
Date : 09/04/96 15:11
Subject : POPULARNOST

File Download Statistics

| Name | Total | % | Description |
|---|---|---|---|
| 1. QB.JPG | 42 | 0% | Slika na Gunter Kube |
| 2. GREENY.JPG | 42 | 0% | Ana Kajevska - Greeny, januari '96 |
| 3. CHOMBE.JPG | 41 | 0% | Chombe. Ubav toj na majka. |
| 4. INFORMA1.JPG | 35 | 0% | INFORMA & ANA KAJEVSKA |
| 5. SIMPLIUS.JPG | 35 | 0% | Na' vi be! Simplius na delo! |
| 6. SNOWHITE.JPG | 34 | 0% | Snezana Rendevska - Snowwhite :))) |
| 7. RAMONA.JPG | 34 | 0% | RAMONA, januari, 1996 god. |
| 8. PLBAUG95.JPG | 33 | 0% | Miss Playboy by Dejan |
| 9. NEW.ZIP | 29 | 0% | "Where to start" for new Internet users. |
| 10. FILIP_S.JPG | 29 | 0% | "The GateKeeper" by FilipS. |

BA> Бранко

Како што може да се забележи playboy заостанува 7 места зад Greeny.

Браво Greeny!!!!!!!!!!!!!!!!:-))))))))))))))))

Јелена

## 8. MAKEDON

From : MAILHOST.TCS.TULANE.EDU !LUBENT
To : ALL
Subj : Re: Macedonia (third world)
Numb : 3072 of 3091
Date : 24/04/96 22:12

>> Лубен Тодоровски напиша:

>>> Борис: Би те замолил ако можеш да напишеш кои изданија на Economist, Wall Street Jurnal и Financial Times ги имаат објавено артиклите.

*Најновото издание на Economist, а написите од Wall St. Journal и Fin. Times беа дадени пред*

*малце време и в MAK-NEWS (MILS supplements)... Збороӣ ми беше, не е се ӣолку црно, а иднинаӣа има моине добри можносӣи да ни биде розова, со малку ӣруд и рабоӣа...:-)*

Прво фала Борис,

Дали написите беа комплетно пренесети или има додатни информации кои би биле интересни?

Што е до работите, па нормално би било да се бележи пораст на производството, сите големи капацитети сега имаат достап до суровини и пазар. МК ќе треба да бележи значителен пораст на производство за да се врати на ниво од пред 5 години (значителен би значело некаде над 20%). Враќањето на ниво пред 5 год. воопшто нема да значи и некое "ниво" на развој. Ќе треба после тоа да се бележи пораст барем од 5% годишно за да можеме да бидеме задоволни.

Порастот на производство од размер кој е забележан последниве месеци само е показател дека ембаргата се симнати, а не дека нешто битно позитивно се има сменето во економијата на МК. На пример Албанија има забележано пораст на GNP минатата година од некаде 17% (не сум баш сигурен, но сигурно е двоцифрен), што вообичаено би бил показател на невообичаено растечка економија. Сите знаеме дека Албанија е далеку од тоа иако има еден од најголемите порасти на GNP во Европа. Показателот е дека АЛ и БГ лани излегоа од длабокиот шок од пред неколку години.

Нешто слично МК доживува сега, само што шокот од пред неколку год. имаше понешто друга природа (имено економски ембарга). Дали МК го има надминато "проблемите" сврзани со менување на економскиот систем? Порастот што е забележан последниве неколку месеци не е индикатор. Иако би било сеуште рано било каков индикатор да е забележлив, мое е мислење дека многу што уште треба да се менува во МК и во економскиот и политичкиот систем.

Нејќам да бидам разбран како песимист, а уште помалку како некој што не би се радувал на прогресот на МК. Можноста да се критикува отворено е една од најдобрите страни на демократијата. Мислам во најголем број од нас ќе се сложи дека во МК треба многу работи да се сменат, вклучувајќи го и превозот од Скопскиот Аеродром до Скопје. Работите треба да се сменат не поради нас кои сме надвор од МК, кога ке дојдеме дома да ни изгледа како во Америка (чувај боже МК такво дереце да дочека), туку поради тие кои живеат таму. Сиромаштијата не може да биде изговор, само претставува доказ дека не постои волја да се надмине на единствениот можен начин, засукување ракави и градење ефикасен систем.

Систем кој што ќе дозволи најспособните да ги решаваат работите со најголема можна одговорност. Знам дека на оние од нас кои биле активни во Младинската, СКМ, извидници и др. слични глупости од Титовата ера им паѓа тешко да сватат дека претдседателствувањето со овие организации не значи и способност и одговорност за извршување на задолженијата кои лежат пред еден управник на јавно претпријатие (во случајов претпријатието за Аеро транспорт). Позицијата значи пред сè одговорност, а не вид на награда за "политичка подобност". Барањето од некои од нас значи индикатор дека работите не работат најдобро во горе споменатото јавно претпријатие, а не изливи на "разгаленост" на оние кои ја "имале" среќата да отидат во УСА или некаде во светот и да доаѓаат дома секои 3 години.

Искрено би бил многу благодарен, ако некој би ми дал сугестија како би можел да помогнам работите да одат напред. Да се вратам назад во МК? Кажи што ќе правам таму, можеме да се најдеме во кафеана па да кукаме во дует или да си се фалиме како сме си многу паметни и се како е OK, само сиромаштијава да небеше. Поминав неколку такви год. во МК и никаде не стигнав ниту допринесов многу (а и пари за пиење секнаа и само муаебетите останаа). Најсреќен ќе бев системот во МК да ми дозволеше да го правам она за што најмногу ме бива и да си останев во СК, а да не беснеам во оваа пустелијава наречена Texan farm land....

Не се работите ни малку розови ниту тука, но барем се има волја и постои начин... Критиката не е страшна, туку е полезна... Ај многу поздрави:

Бубе

## 10. Хардвер

| | |
|---|---|
| From | : GUNTER KUBE |
| Number | : 7819 of 7854 |
| To | : FILIP STOJANOVSKI |
| Date | : 25/04/96 16:50 |
| Subject | : problemi so nov PC, itno! |

FS> 1. HDDот место 540 Mb при DIR, со Windows File Manager и со FDISK (опција 4) покажува дека има 503 Mb вкупно простор, а не 540.

Е ако де... има еден куп програми кои доста субјективно си ја сфаќаат големината на дискот :-) Обично оваа забуна е резултат на неусогласеноста на префиксот мега. Производителите на дискови често си земаат слобода да го сметаат за 10^6 (наместо 2^20) со што, се разбира, дисковите ги деклариаат на повисока мегабајтажа.

FS> а. дискот не е форматиран во LBA мод.

Преформатирај го!

FS> б. дискот прво бил форматиран како NORMAL, а потоа некако сменет во LBA.

Кој би го направил тоа, особено на нова машина!?

FS> ц. нешто не е во ред со дискот на уште пониско ниво (за ова решение само замена).

А не, дискот е во ред. Гарант!

Anyway, постои дискусија околу тоа дали е подобро 540MB-ен диск да се форматира без LBA (со што свесно ќе му се намали капацитетот кој пак би требало да се добие назад како резултат на помалиот slack поради големината на партицијата), или пак дискот да се форматира во LBA мод. Мое мислење (кое што би го образложил во некоја друга прилика) е дека многу подобра е втората варијанта.

FS> година, па немало тогаш пентиуми... прашање: кој програм детектира со сигурност тип на процесор?

SI-то (DOS/Windows 95) добро се снаоѓа со Pentium процесори.

FS> видов дека е Intel PCI плоча (прочитав од еден чип). Кој?

FS> и видов дека кулерот (вентилаторот) е _залепен_ за процесорот и не може да се извади за да видам што пишува на самиот.

Кажи ми каков е socket-от за процесорот (3,5,7...).

FS> 3. ресет тастерот и турбо сијаличката не се споени на плоча и жичките од нив не водат никаде.

Shutrack Co. :-( Треба да се (до)среди! Ако вака "темелно" е подесувана целата машина... :-(

FS> 4. CD ROMот не е споен како slave на C, туку преку Sound Blaster-от. Повеќе info за оваа проблематика не ќе е на одмет.

Хм, quad Sony, а? Веројатно Blaster-от има имплементиран IDE контролер. Тука вака стојат работите: доколку имаш секундарен контролер и немаш инсталирано четири хард диска (!?) подобро е CD-ROMот да го приклучиш на секундарниот порт во master мод, поготово ако Windows 95 е оперативниот систем (и некои други не се снаоѓаат баш најубаво). Обично се јавуваат еден куп проблеми со адресите доколку CD-ROM е инсталиран на некоја терциерна или квартиарна (вака ли се пишува на македонски? :-) порта на IDE контролерот.

FS> При некои од многуте бутирања што ги направив не ги вчита драјверите за CDто (ATAPI).

Ова е карактеристично за Quadshit CD-ROM-овите. Sony 77 (6?) не е еден од нив!!!

FS> Не препознава (пиратски) CDа, додека со оригинално CD работи супер.

Мојот (бивш) Sony quad читаше се: од пиратско-гусарски па до истругани аудио CD-а. Истото го тврдам и за еден куп други Sony-евци!

Гунтер

## 11. Софтвер

| | |
|---|---|
| From | : VLADIMIR DESKOV |
| Number | : 6158 of 6747 |
| To | : ALL |
| Date | : 14/03/96 23:42 |
| Subject | : Windows 95 |

Чувте ли дека Login Systemi овозможува купување на Win95 upgrade, без да поседувате претходна лиценцирана верзија. Цената е 135$. Microsoft ова премолчно го одобрува. Нормално, ќе станете регистриран корисник на Win95. Ова прво го видов во оглас во "Нова Македонија", а после се јавив во Логин и ми потврдија.

Ајд' сите во Логин да купуваме Windows!

DESdes.

## 12. Комуникации

| | |
|---|---|
| From | : FILIP VIDINOVSKI |
| Number | : 3522 of 4108 |
| To | : FILIP STOJANOVSKI |
| Date | : 28/01/96 15:46 |
| Subject | : modem to modem |

FS> Како да се поврзат директно 2 компјутера. Тоа има нешто врска со terminal mode во мојот комуникационен програм, нели? Како да дознаам повеќе за тоа?

Потребен ти е сериски кабел со женски конектори на двата краја. Комуникациона програма воопшто и не ти е потребна, со оглед на програмите interlnk.exe и intersvr.exe кои сигурно ги имаш.

Кога ќе ги поврзеш физички двата компјутери, треба да одлучиш кој ќе биде client, а кој server. На client компјутерот во config.sys треба да ставиш една линија која ќе гласи отприлика вака:

```
device=c:\dos\interlnk.exe
```

Потоа, на server компјутерот ќе го стартуваш intersvr. На крај, само ќе отчукаш едно interlnk на client-от и voila: на client-от ќе добиеш

уште два нови логички драјва, да речеме D: и E:, каде што D: е floppy драјвот на server-от, а E: е неговиот hard disk. Ќе добиеш и уште и еден логички LPT2: порт, кој ќе биде LPT1: портот на server-от.

Максималната брзина на комуникацијата е 115.200 bps што не е спектакуларно, но во најголем број ситуации сосем задоволува.

Доколку, пак, те интересира директно врзување модем со модем, се што треба да стори повикувачот е ATDP твојот_телефонски_број, а повиканиот кога ќе го добие повикот да отчука едно ATA. Повеќето комуникациони програми имаат host mode со кој овие работи (и уште некои други) се наполно автоматизирани.

Доколку те интересира уште нешто, со задоволство ќе ти помогнам.

ФилипВ

## 13. Хумор

| | |
|---|---|
| From | : JELENA LAZOVA (Moderator) |
| Number | : 2226 of 2238 |
| To | : TIHOMIR KRPACH |
| Date | : 25/04/96 04:10 |
| Subject | : Pazi vamo..... :) ! |

TK> Си била некоја жена, ама малку попуничка. И решила да ослаби, така што ќе оди во САЛОН ЗА СЛАБЕЕЊЕ - "СИЛУЕТЕ". И објасниле, кај да иде и:

TK> Се качува женава во зградата кај што е "Силуете" ама го утнала спратот. Ѕвони на врата и прашува:
- "Силуете"?
А типов што отвора врата вика: ,
- Силуеме, силуеме, како не.... само повелете.

TK> Кажи, а? :)))))))))))))))))))))))))))))))

Тихи Боља верзија е:
Силуеме, силиуеме и кафе даваме:-))

Јелена

## 14. Научна фантастика

| | |
|---|---|
| From | : OGNEN IVANOVSKI |
| Number | : 968 of 997 |
| To | : SANDRA PRILEPCANSKA |
| Date | : 03/04/96 00:20 |
| Subject | : Atlantida i sl. |

Sandra Prilepcanska, In a message on 26 March, you wrote to me :

SP> не мора да се прифати, но за кој вреди да се поразмисли. Понекогаш науката не смее да се прифати како апсолутна вистина и треба да се прифати со скептицизам (конструктивен).

:) Еј, едно од трите ставови за научни вистини вели дека секоја докажана вистина е вистина сè додека не се докаже спротивното... Натаму, вели дека ниту една вистина (ова го пишува Stiven Hawking) не може да биде апсолутна (= догма). Колку и да се трага, може само да се приближи до апсолутната вистина, никако да се оспознае.

Уште едно (логичко) правило вели дека скептицизмот е еден од методите за доаѓање до научна вистина.

Сакам да кажам.... Не "понекогаш" туку "секогаш".

милкман

## 15. Македонска информатика

| | |
|---|---|
| From | : NORA BUKLEVSKA |
| Number | : 653 of 658 |
| To | : VLADIMIR SITNIKOVSKI |
| Date | : 15/03/96 18:31 |
| Subject | : em irelevantno em besmisl |

Ситник, пораката ја читав on-line и затоа ја немам сега:

Ако треба на 22 години речник да отварам за збор како што е "ирелевантно", подобро да се убијам! :-))))))))))

Јас само реков дека мене "ИРЕЛЕВАНТНО БЕСМИСЛЕНО" ми е многу смешно, што би можело да значи дека имам twisted sense of humor, на пример :-))) Воопшто не сакав да речам дека не знаеш што значат зборовите. Ова сериозно: Кога нешто веќе е "ирелевантно" тогаш што е важно дали има смисол. И обратно. Ова ми е смешно затоа што ми звучи како говорот на некои луѓе кои само се трудат да го "накитат" со повеќе зборови своето излагање, а резултатот е всушност несреќно спојување на зборови кои се исклучуваат еден со друг.

Да речеше барем: "ирелевантно А И бесмислено" - тоа би направило огромна разлика.

Луна

## 16. Програмирање

| | |
|---|---|
| From | : KLIMENT ANDREEV |
| Number | : 2063 of 2606 |
| To | : TRAJCE GOLOMEOV |
| Date | : 16/09/95 15:10 |
| Subject | : SVGA256 |

TG> Помагаје, пак заглавив со еден драјвер за Svga256.bgi во pascal. Го имам драјверт само не знам како да го пријавам и користам во pascal.

TG> TAciFF

Еве ти за 320x200 во 256 бои.

```
Var  GraphDriver, GraphMode, ErrorCode  : INTEGER;
     OldExitProc, AutoDetectPointer : POINTER;
{$F+}
PROCEDURE MyExitProc;
BEGIN ExitProc := OLDEXITPROC; CLOSEGRAPH; END;
{$F-}
{$F+}
FUNCTION DetectVGA256  : INTEGER;
VAR DetectedDriver, SuggestedMode  : INTEGER;
BEGIN
  DETECTGRAPH (DetectedDriver, SuggestedMode);
  IF (DetectedDriver = VGA) OR (DetectedDriver = MCGA)
    THEN DetectVGA256 := 0
    ELSE DetectVGA256 := GRERROR;
END;
{$F-}
PROCEDURE Initialize;
VAR  InGraphicsMode : BOOLEAN;
     PathToDriver : STRING;
     UseWhichDriver : INTEGER;
BEGIN
  DirectVideo := FALSE; OldExitProc := ExitProc;
  ExitProc := @MyExitProc; PathToDriver := ' ';
  UseWhichDriver:=0; AutoDetectPointer := @DetectVGA256;
  GraphDriver := INSTALLUSERDRIVER ('Svga256',
     AutoDetect Pointer);
  GraphDriver := DETECT;
  INITGRAPH (GraphDriver, GraphMode, PathToDriver);
  ErrorCode := GRAPHRESULT;
  IF ERRORCODE <> GROK
    THEN BEGIN
      WRITELN ('Graficcka gresska : ', GraphErrorMsg
      (ErrorCode));
      IF ErrorCode = grFileNotFound
        THEN BEGIN
          WRITELN ('Direktorium na drajverot:');
          READLN(PathToDriver); WRITELN;
        END
        ELSE HALT(1);
    END;
END.
```

После си го викаш кој сакаш мод со она обичното:

regs.ah:=0; regs.al:=mod; (за 320 по 200 мислам дека е $13) intr($10);

Чомбе

## 17. Култура/Филм

| | |
|---|---|
| From | : NORA BUKLEVSKA |
| Number | : 2425 of 2524 |
| To | : ALL |
| Date | : 05/02/96 03:34 |
| Subject | : Vanishing |

Вчера на А1 повторно го даваа филмот "Vanishing" (Jeff Bridges, Kiefer Sutterland, Sandra Bullock). Има многу филмови кои дефинитивно се далеку повредни и заслужуваат повеќе внимание од овој, но во моментов ме инспирира барем да го спомнам, ако не поради нешто друго, тогаш поради брилијантната идеја на режисерот (или кој и да е веќе) за поентата на филмот.

Се работи за трилер кој по многу елементи е сличен на многу други трилери, но се разликува во инструментот кој е искористен за поигрување со емоциите на луѓето. Не ги ценам многу филмовите чија единствена цел е како да го преплашат гледачот, така што тоа не е нешто што ми се допадна во филмов. За содржината (на кратко): Џеф (Kiefer Sutterland), писател, очајно трага по својата сакана девојка, која е киднапирана од една бензинска пумпа од еден психопат Барни (Jeff Bridges). Тој потоа и ја убива, но телото не е пронајдено, така што Џеф упорно ја бара надевајќи се дека таа е сеуште жива. По долга и мачна потрага се запознава со друга девојка и живее со неа. Во едно негово интервју на ТВ изјавува дека се што сака е само да дознае што се случило со неговата девојка Дајен (Sandra Bullock).

За целото тоа време Барни го следи секој негов чекор, и во моментот кога Џеф се откажува од потрагата стапува со него во контакт и му кажува дека тој знае што се случило. По кратка физичка пресметка Бар-



ни му вели на Цеф дека единствен начин да дознае што ѝ се случило на Дајен е и тој да помине низ сè низ што поминала и таа. Цеф очаен, се сложува, по што следи најјезивата сцена што некогаш сум ја гледала на ТВ: Цеф се буди во темен простор, ја пали својата запалка и полека сфаќаме заедно со него дека всушност се наоѓа во дрвен ковчег, жив закопан. Благодарение на остроумноста на неговата девојка сè завршува среќно, таа го откопува Цеф и заедно го убиваат Барни.

Е сега што ми беше муабетот :-), во филмот ми се допадна поентата дека човек со секакви невољи може да се справи во животот, но неизвесноста, незнаењето го мори и тишти и не му дава мир. Во филмов, кога Рита (новата девојка) открива дека Цеф сеуште не може да се помири со губитокот на Дајен, тој ѝ вели : " Кога би била Дајен сега овде би те избрал тебе, затоа што тебе те сакам, но морам да знам што ѝ се случило." Практично беше свесен дека постои огромна веројатност да го чека смрт, но тоа не го спречи да помине по истиот пат. Кога стигаат до истата бензинска пумпа Барни му вели: "Мене не ми треба оружје за да те принудам. Моето оружје е твојата опсесија". Jeff Bridges ("Фантастични браќа Бејкер") прекрасно ја одигра оваа улога на негативец, убедливо претстави еден психопат, со одот, монотониот и бавен говор, така што и самата негова појава беше навистина страшна. Тоа што беше претставено во филмов е вистинско проклетство. Да не знаеш што се случило, да не можеш да ја употребиш логиката, здравиот разум или пак интуицијата, едноставно си проколнат со незнаење. Можеби за многумина од вас ова е веќе елаборирана тема, но ете мене филмов пак ме потсети што значи неизвесноста...

Луна

## 18. Наука

From : ZLATKO CHEREPNALKOSKI
Number : 1530 of 1574
To : KIRE STOJANOSKI
Date : 09/02/96 23:30
Subject : Estetika

\> *Не знам дали е ова вистинската конференција, но:*

\> *На едно предавање, Ферид Мухиќ спомна дека естетска вредност не може да има предмет кој не е производ на влијанието на човекот. Дали има некој што би ми го образложил ова и би ме убедил дека е точно.*

Не е баш дека си ја утнал конференцијава. Баш ми е драго што темава ќе не оттргне од нуклеарките и биномите на квадрат :))

Не знам која била приликата ниту која била темата и пригодата каде што професорот Мухиќ ја искажал горнава мисла. Не би можел да ја критикувам неговата конкретна реченица поради тоа што не знам што точно сакал да каже професорот, односно полесно е кога го имам целиот контекст во кој реченицата е поставена. Но, сепак, реченицата сама за себе изгледа како логична целина. Па зашто да не пробаме да ја откриеме нејзината вредност.

Ако професорот мислел на материјален предмет, тогаш вистина е реткост да се најде идеална форма на природно создаден предмет. Естетиката, како поим е врзан со рамнотежа на димензиите, боите и формата на материјалните предмети. Се разбира, за естетика може да стане збор и кога се дискутира за имагинарни настани или поими, но да се задржиме на геометриската естетика, на каква што, верувам, професорот алудирал.

Значи, природно создаден предмет, е многу ретко да се најде со идеална форма која што форма има естетска вредност. Логиката за ова треба да се бара во настанот кој ја предизвикал појавата на предметот. Ако околностите под кои предметот бил создаден ја условиле неговата идеална геометриска форма, тогаш тврдењето на професорот паѓа во вода, НО, треба да се размисли дали такви околности постојат и кои се тие.

Од друга страна пак, органите кај живите суштества редовно имаат идеална геометриска форма. Земи ги на пример зениците кај рибите (еве не мора кај човекот). Зениците на рибите се идеални леќи. Тоа е услов на нивната анатомија. Рибите се плоснати суштества, нивните очи се поставени на две




спротивни страни од нивниот корпус (тело, труп). За да можат да гледаат и напред и позади без големи маневри со телото, нивните очи мора да бидат идеални леќи.

И на крај, шо би рекол Чомбе да не јадам многу сарми, ако дефиниција за естетска вредност е склад за очите и совпаѓање со човековата претстава за геометрија, тогаш логична е точноста на реченицата на професорот Мухиќ, и таа реченица всушност е една верзија на горната дефиниција.

Череп

## 19. Игри

From : SPIDE
Number : 1009 of 1200
To : IVOS
Date : 22/02/96 22:16
Subject : alone 3

IV> Здраво SPIDE! Многу фала за помошта, но сега имам проблем си витезот (на тркалезната маса) :-)))))))) Постојано кружи и имам во инвентарот (вреќа со "coal", ракавици, празна кофа од лепакот, нож и winchester). Ја пуштив славината ама ништо? Помагај ако знаеш уште нешто...

Поздрав од ИвоС

Гадно е. Вака. Треба ја земеш ракавицата што е веднаш до каналчето каде што тече водата откако ќе ја пуштиш, до ѕидот. (Веднаш е тука на земја, се гледа). Можеш и пред, а можеш и после тоа да ја пуштиш водата да тече. Како ти одговара, така. Ама, ОБАВЕЗНО мораш да ја пуштиш. Е сега, ќе ја употребиш ракавицата, па ќе го земеш ножот во раце и ќе го употребиш да го пресечеш кабелот што оди по ѕидот веднаш каде што ја зеде ракавицата. Толку. Инаку, мораш да бидеш прилично брз бидејќи витезите на тркалезната маса и каубојците :)) не му простуваат на Edward Carnby.

Пиши ако ти требам уште.

Spide

## 20. Политика

From : DRAGAN TOMOVSKI
Number : 2189 of 2274
To : GORDAN TANASKOV
Date : 26/03/96 17:10
Subject : Novi izbori

GT> DT> Дај, те молам, немој со вакви глупости! Еве, ај да ги разјаснам глупостите или можеби се правиш дека не разбираш а во суштина ти е и те како јасно.

Ти благодарам на времето кое го потроши на моето образование од историјата на Македонија ... :>

GT> "Солун е наш" е елемент на специјалната војна која отсекогаш се водела, се води и ќе се води на просторот на Македонија (мислам на целокупната етно-историска територија). Барем тоа е јасно како ден. Ај со "Солун е наш". Тоа ти е типична пропаганда измислена за да доведе до оваа состојба до која сега јас и ти дојдовме, а тоа е протурено од оној кој САКА да нè доведе до КОНФЛИКТ. Грците го држат Солун...

Да се вратиме малку назад. Колку што ми е мене познато, овој слоган е исфрлен во употреба по завршувањето на II светска војна и НОВ на овие простори. Кога била ослободена Македонија, оваа денешна, на овие простори, партизанските одреди се подготвувале да тргнат на Солун, но по директива од Белград се испратени на Сремскиот фронт, и така е загубена шансата да се заземе Солун со борба. Од тоа време потекнува и тој слоган, и не верувам дека е некоја голема завера против Македонија. Едноставно, со менувањето на политичките состојби во тој период, '45-'46, признавањето на новонастанатите држави на Балканот, па и со комунистичкиот режим во НР Македонија, кој конечно се здобил со каква-таква, но официјализирана држава, поборниците за таквата идеја се полека тргнати од политичката сцена на Македонија. Повторно, слоганот се појавува пред првите плуралистички избори во кампањите на најзапалените националистички партии (ова е факт што не можеш да го порекнеш) и сега, таков може да се сфати како перфидна игра на некои сили за дестабилизација на новата независна држава. Како тој слоган делуваше врз новоразбудените Македонци, покажаа последниве 5-6 години.

GT> ... веќе 83 години. Пред тоа градот бил ВО СОСТАВОТ на целокупна Македонија, кон кој што гравитирале сите трговски, економски, културни, бла, бла, бла, патишта на ЦЕЛИОТ балкан. (Е знаеш де за ова, сме биле кај Владо Попоски на предавње, нели.). Ако добро се сеќавам бил (и е) населен со во најголемо мнозинство Македонци, потоа Евреи, Власи, Грци, итд, итд.

Така било, и што ?




GT> Во 1913 г. Грчката војска влегува во Солун и го окупира. Оттогаш па наваму тие го држат второто по големина пристаниште во Европа (после Марсеј). Но, тие не можат да го задржат, што се виде ...

Да бе, гледам солуњаните се потепаа да влезат во составот на Република Македонија. Едноставно, грчката колонизаторска политика полека го асимилирала македонското население, се измешале нациите, и луѓето почнале да си го тераат животот.

GT> националистичката политика што Атињаните ја водат против Македонија. ("Територијални Претензии"; "Скопската држава"; "Страв од припојување на грчка Македонија кон скопската држава" и така натаму. А стравот нивни е разбирлив. Се плашат дека некоја, било која Влада, во иднина ќе го постави прашањето на таа (окупирана) територија. Да не ги повторувам сега работите бидејќи се општопознати.

Општопознати се, на теоретска основа! Што мислиш, би се приклучило населениото кое живее на територијата на Егејска Македонија на сегашнава држава? Не би ја оставиле Грција и ЕУ и благодетите на економски план кои ги имаат, тоа е несомнено ! А башка што сега и процентот на оригиналното македонско население во овој дел не е во надмоќ над грчкото население.

GT> Ете тоа е суштината на "Солун е наш", а не во пежоративна смисла како што ја сфати ти.

Мене ми е кристално јасно значењето на овој слоган, политичката РЕАЛНОСТ го одредува моето мислење, а не некои квазиидеолози со запалени националистички чувства.

Томас

## 21. Списанија/Книги

| | |
|---|---|
| From | : KLIMENT ANDREEV |
| Number | : 674 of 715 |
| To | : PETAR KAJEVSKI |
| Date | : 22/03/96 08:30 |
| Subject | : Dnevnik |

VD> Ај нека ни е честито нов дневен весник - "Денвник". Денес излезе и првиот број. Мене стварно ми се допаѓа. Ваш коментар?

PK> Како и да е, со ниската цена очекувам да биде опасна конкуренција на Вечер, а нешто помалку на НМ.

Го прочитав и јас тој толку рекламиран "Дневник", па еве ги моите импресии. Како прво нема никаков коментар на редакцијата, туку чисто наведување на настани. Второ, од самата должина на написите се гледа дека овој весник не претендира на некоја озбилна читателска публика, а тука се и неизбежните дневен хороскоп и мега крстозбор. Повеќето информации беа тотално небитни. Што му е гајле на обичен читател колку луѓе умреле во Русија од ладното или колку деца родила XY во Бангладеш. Повеќе ми личи ова на Политикин Забавник отколку на дневен весник. Ај ваљда ќе бидат подобри.

Инаку да, се сложувам со тебе, овој весник не може да парира на Нова Македонија, но може на Вечер ако има повеќе вести од Македонија, а за тоа треба дописници...

Чомбе

## 23. Спорт

| | |
|---|---|
| From | : ZDRAVKO STAFILOV |
| Number | : 1501 of 1674 |
| To | : ALL |
| Date | : 12/02/96 14:19 |
| Subject | : All-Star 1996 |

ОК. И All-Star-от заврши... Мој коментар: ОЧАЈНО!!! Полош All-Star "не сум видел во животов мој". ;) Навистина, на што личеше бре, како да не сакаа да играат! Не знам, немам коментари. Едноставно, поарно да гледам Vancuver-Toronto, отколку она што беше синоќа прикажано. Па ROOKIE GAME-от беше 2 класи поинтересен од овој All-Star.

Ни NBA не е веќе она што беше. Па кај беше Jason Kidd? Срамота! А Grent Hill? Беше избран со најмногу гласови, а дали играше кои 10 минути сè на сè. Јес да навивам за Utah Jazz, ама Malone и Stockton од кога влегоа во игра, до крај не излегоа! Го форсираа Mich Richmond кој ВРСКА НЕМАШЕ! Што мајка бараше па Gary Payton повеќе од половина утакмица на терен! И Jordan последната четвртина не влезе во игра. А го избраа за MVP. Реално, тоа го заслужи само во третата четвртина. Покатастрофален процент на шут не сум видел ни кога играат Tikvesh - Lipashped, и тоа ЖЕНИ! :))))

Мене едноставно ми изгледаше сето тоа на добро осмислен циркус. Другите?

;мунем

## 24. Оперативни системи

| | |
|---|---|
| From | : VLADIMIR KOZAR |
| Number | : 685 of 737 |
| To | : ALL |
| Date | : 28/03/96 09:33 |
| Subject | : Bug-ovi... |

Ги објавувам отстранетите bug-ови од новиот Windows 95 Update :

1. OLE32 Update: Windows 95 OLE 32 надградбата ги решава проблемите со снимањето фајлови во Microsoft Word, Microsoft Excel и Microsoft PowerPoint for Windows 95 (снимените фајлови задржуваа делови од вашите претходни работни верзии, што може да ја наруши приватноста со можноста некој да прочита нешто што не треба). Овој проблем не постои ако го користите Microsoft Office со Windows NT, бидејќи оперативниот систем го елиминира.

2. Microsoft Windows 95 Shell Update: надградбата на shell32.dll овозможува да гледате NetWare Directory Service принтери од Add Printer Wizard-от. Оваа надградба го средува проблемот со уништување на фајловите кои ги копирате врз самите себе. Тоа се случува само во овој случај: кога копирате фајл врз самиот себе користејќи два различни погледа на ист мрежен драјв или кога копирате фајлови врз самите себе користејќи драјв креиран со командата SUBST.

3. Windows 95 Common Dialog Update for Windows 3.1: Во Windows 95, кога 32-битните апликации печатат користејќи Windows 3.1 drajveri или Windows 3.1 Pscript.drv/Unidrv.dll драјвер, апликацијата понекогаш паѓа. Оваа надградба го решава овој проблем.

4. Vserver Update: File and Printer Settings for Microsoft Networks: Оваа надградба го решава проблемот со делење фајлови и принтери за Microsoft мрежите и за одредени UNIX мрежни клиенти (Samba SMBCLIENT).

5. Vredir Update: Го решава проблемот на Windows 95 корисниците кои користат Samba UNIX сервери. Проблемот се јавува поради различните Windows 95 и UNIX формати за имиња на фајловите. UNIX дозволува имињата на фајловите да ги содржат backslash (/) и asterisk(*) карактерите, но во Windows 95 тоа се карактери со посебно значење.

6. Windows 95 Password List Update: Windows 95 Password List Update го штити password фајлот од потенцијално разбивање.

7. Microsoft Plus! Update (System Agent Update): Microsoft Plus! надградбата нуди надградена верзија на Sage.dll која го решава проблемот со System Agent: кога работи верзијата 1.0, програм кој извршува floating-point калкулации, може да прави мали грешки.

8. Printer Port (Lpd.vxd) Update: Lpt.vxd надградбата нуди поддршка за ECP (Enhanced Communication Parallel) порт-двонасочна комуникација, користена кај некои принтери (Hewlett Packard LaserJet Series 4 и 5, Lexmark ласерските принтери и други).

Поздрав, Владе.

## 25. Tribina - Forum

| | |
|---|---|
| From | : CANE GEORGIEVSKI |
| Number | : 1942 of 2702 |
| To | : FILIP STOJANOVSKI |
| Date | : 26/02/96 23:10 |
| Subject | : Re: Nas i Rusa 200 miliona |

"Од тогаш па се до неодамна, таму немало заедничко разбирање меѓу CG>Исток и Запад. Само на Север, каде што Македонците отворено продреле, Русија бавно и мачно се ширела и формирала евроазиска држава." Prof. Harold Lemb

FS> Еден мој другар (од Врање) овие твои размислувања убаво ги FS> осмисли со максимата:

FS> "НАС И РУСА 200 МИИОНА"

FS> Малце ли ти се 2 милиона Македонци, па затоа сакаш во нив да ги вклучиш и другиве Словени?

Едно е Македонец а друго е Словен. Немој

те молам да мешаш и баби и жаби. Во книгата "МАКЕДОНИЈА - земја на прастара култура" се вели:

Славјанството како поим лансиран од модерна Русија е со цел да се оствари пат за својата експанзија кон југ, и нема ништо заедничко со историските факти. Имено, православјето, односно славата Божја, проповедена и употребувана главно на територијата каде што живеело со милениуми македонското староседелско население, во основа на Балканскиот Полуостров и некаде на север од 40-та паралела, од Алпите до Црно Море, од Јадранот до Белото Море, а понатака проширено кон североисток до Киев. Целата култура и писменост, најмногу преку Словото Божјо стасала до таму, ја презела модерна Русија и ја проширила дури до денешен Владивосток. Горепримедената верзија на Русија за доаѓање на славјански племиња на Балканот наидува на досега провокативни контраверзности заради недоволно докази.

Професорот од Универзитетот во Оксфорд за руска балканска историја, Димитри Оболенски, вели:

"Резултатите за инвазиите на Славјани на Балканот е предмет кој испровоцира многу контраверзности, делумно се должи на малиот број евидентности, пишани и археолошки. Што се однесува на VII - VIII -от век претставуваат еден од најнеосветлените периоди од историјата на Полуостровот. Етнолошката ситуација може секако да се определи со доволен процент на точност. Вистина е, сите северни централни региони од Балканот, северно од 40-тата паралела, од Алпите до Црното Море и од Јадранот до Белото Море биле населени од Славјани."

Ако македонскиот народ потекнувал од Задкарпатските Мочуришта, лулката на неговата цивилизација би била исто така таму, а не обратно. Според некои верзии дека "Славјаните" доаѓале како племиња во територија која била густо населена од поодамна, и во која имало цивилизација и организирано општество - царство. Сличноста на јазиците од сите таканаречени "слабјански народи" е факт сам по себе, кој покажува и поширока населеност на староседелското македонско население, чии дел биле и тие некогаш. Не е можно дивите "Индијанци" да им го дале јазикот и културата на Англизаните во Америка и да ги третираат како дел од нив. Познато е дека денес Македонија испраќа, а тоа и други народи го чинат, свои свештеници, учители, бладици и културни дејци во Америка, Канада, Австралија и Европа да го проповедаат божјото слово, да го предаваат македонскиот јазик и култура. Тогаш се поставува прашањето: Зошто и на кого? Се разбира одговорот е: тие одат да му проповедаат вероучение и култура на македонски јазик на дел од македонскиот народ, кој по разни причини се иселил таму да живее или привремено да работи. Апсолутно, кај нив доаѓаат црковни мисионери, учители и културни дејци од нивната татковина од каде и тие самите потекнуваат. Е сега, логична е констатацијата дека Св.Кирил и Методиј оделе таму каде што по разни поводи се населиле дел од Македонците, кои со нив ги понеле својот јазик и култура. Затоа тие барале црковни мисионери и учители од Македонија. Не може а да не се спомене дека во тие простори, каде оделе, се населувале и други народи, од групата на Викинзите или Нортманите, Турано - Монголците, Хуните, Хазарите и други. Најверојатно дел од тие народи, покрај Македонците го прифатиле и научиле македонскиот јазик, како што е случајот со Бугарите, кои се населиле во Македонија и се втопиле во домородното староседелско и помногубројно македонско население, примајќи го јазикот и културата што до ден денес ги негуваат.

П.С. И ако можиш те молам, поштеди ме од твои коментари, дај потруди се со факти. Жално во оваа ситуација е што човек треба да се "бори" со "свој" човек. Најверојатно ќе да беше многу полесно со овие од околината ни. Жално, што да се прај...

Поздрав, Цане

... Жената што нешки да меси - со денови и недели газот го треси!

## 26. CD-ROM сцена

| | |
|---|---|
| From | : GUNTER KUBE |
| Number | : 67 of 85 |
| To | : KOSTADIN GRAMATIKOV |
| Date | : 19/02/96 19:01 |
| Subject | : ? |

KG> Би ми препорачал некој CD-ROM? Please. :)

KG> SONY CDU77, 4X (quad-speed). Ne sum bash sigurcn kako mu beshe code-name-ot, no ova e osnovata.

Sony CDU77E :-) Mnogu dobar izbor. Solidno i brzo CD. Znae da raboti so 'sekakvi' diskovi. Na izgled e identichno so double speed klasikata: CDU55

Toshiba XM-5302 e istovo ova so toa shto na izgled e epten kjumursko, LEDot sveti (trepka) samo koga raboti i nemozhesh da si igrash so eject tasterot napred-nazad ;-) A da, i pobzro e... Osetno :-)

## 27. Музика

| | |
|---|---|
| From | : IGOR SPIROSKI |
| Number | : 1314 of 1593 |
| To | : ZDRAVKO STAFILOV |
| Date | : 14/03/96 22:47 |
| Subject | : Ispituvanje na pazarot :) |

ZS>IS=>FV> Битно е дали ќе се соберат "од прва" 2-3000 рејвери кои ќе платат по 250 денари. Ти што мислиш?

ZS>IS=> I think it is poss.....definctly !!!! regards, SpyKe

p.s lugjeto se ochajni po eden vistinski rave na ovie prostori.......HYPER,HYPER

ZS> Луѓето ВООПШТО не се очајни по никаков "вистински" rave, туку едноставно, моментално во Скопје стана обична мода да се слуша "techno" и да се иде на "rave", иако немаат ни самите појма што е сличноста, а што разликата помеѓу овие два _поима_. Мал милион луѓе не знаат што е тоа воопшто rave. Само знаат дека "на rave" треба да се иде, и дека таму пуштаат "techno музика". А дека се очајни - УОПШТЕ не се очајни. А дека ќе се зберат толку луѓе - ќе се зберат. Ама кажав од кои причини ќе бидат таму едно 60-75% од луѓето.

ZS> ;munem

Тоа е твое гледиште и пристап кон работите што не велам дека не е точно меѓутоа велам дека не е баш најрелевантно. Според мене не е многу битно дали е нешто мода или не е, а и не гледам ништо лошо во модата (без неа многу нешта немаше да бидат такви какви што се ), не е многу битно дали навистина знаат што е рејв, техно или техно музика. Единствено што е важно е дали може да им се верува на оние луѓе што се забавуваат играјќи, слушајки "beep beep" музика, како и да и е името.

поздрав, SpyKe

П.С На крајот на краевите и не е многу битно зошто ќе дојдат нели...

П.П.С А јас дека сум очаен сум очаен, а дека има уште минимум 500 како мене-има.

* OLX 2.1 TD * Unable to locate Coffee - Operator Halted!

## 29. OS_Unix/Linux

| | |
|---|---|
| From | : OGNEN IVANOVSKI |
| Number | : 449 of 763 |
| To | : ALL |
| Date | : 10/03/96 14:46 |
| Subject | : UNIX Istorija |

(моите забелешки се наведени во square brackets [])

UNUX-от го развиваат двајца научници Thopson и Ritchie за фирмата Bell Labs. Прва работна верзија била готова 1971 година [eeeee, кога било ова!] за компјутерот PDP-11/20, на асемблерски јазик.

1973 - Целиот UNIX одово е напишан во C. [Разбира се :)] Оваа верзија е поголема за 1/3 од оргиналната верзија, но е неспоредливо поразбирлива и попортабилна.

1977 - Три правци во развојот на UNIX системите I - AT&T Bell Labs [значи во матичната куќа]. Резултат на овие напори е UNIX System V, кој важи за стандард. II - University of California at Berkeley (UCB). Развојот е на VAX-11/780. Додадени нови карактеристики се виртуелна меморија, foreground и background контрола на процеси, vi [the legend :)], и легендарниот C-shell. Резултат на овие напори е сегашниот UNIX 4.2BSD. BSD (Berkeley Software Distributions)-овите изданија се познати како 'традиционални'. III - развој и адаптација на UNIX на различни сметачи. Во оваа група постојат



повеќе идеи, пред сѐ поради накалемувањето на UNIX-от за машини [комерцијални потреби] кои ја немаат потребната опрема. Едни U*IX-и се подмножество на функциите и опциите од оргиналниот UNIX (TNIX, XENIX), а други само го имитираат (CROMIX).

1988 - Појава на разни здруженија и групи (X/Open, Ansi, Ansi C, EurOpen и сл.) чија цел цел е стандардизција на UNIX-от и заштита на корисничките интереси. Резултат: трите правци меѓусобно се групираат во два нови: I - Open Softvare Fondation (OSF). Индиректен наследник на BSD UNIX, иако црпи идеи од другите два правци. Продукт на оваа група е UNIX OSF/1 [Lotus (PTT, Alpha) работи на OSF/1]. II - Unix International Group (UI group). Индиректен наследник на AT&T UNIX кој исто-така црпи идеи од другите два правци. Продуктот е Unix System V Release 4.

1993 - Целта остварена. OSF и UI се групираат во една целина - COSE (Common Open Software Enviroment). Резултат на ова се разни UNIX норми. Најпопуларни се POSIX стадардот за изглед на UNIX-ot [Linux is POSIX compilant] како и X/Open конзиторијумот. Нагласокот е на Отворените Системи (преносивост на програмите и луѓето, соработка помеѓу опремата од различни производувачи, прилагодивост на апликациите кон различни платформи [Linux и ELF binaries, да launcheме]).

милкман

## 31. Adult (Возрасни)

From : NIGHTHAWK
Number : 1304 of 1543
To : GREENY
Date : 18/02/96 21:25
Subject : Abortus

G> Колку сте размислувале за абортусот?

Зарем не е полесно да се почека да се роди бебето и потоа да се убие? Или така се гледа дека проблемот е нешто живо, со две раце и две нозе, и неверојатно личи на нас. Сексот е многу озбилна работа каде секоја невнимателност може да заврши со сида, сифилис, несакана бременост и сл. Така оние кои не се доволно одговорни и спремни не треба да се впуштаат во сексуални односи затоа што проблемите со кои потоа може да се соочат се страшни. Воопшто не ми се допаѓа тоа што последиците скоро секогаш се само на терет на девојката додека момчето се труди да ја избегне одговорноста и да се оддалечи од проблемите околу несаканата бременост колку може повеќе. Трагично е што обичаите и традиционалните норми го оправдуваат ова, а никој не се труди да ги освести момчињата за своите одговорности и обврски. Не знам како некој се осеќа по абортус и искрено речено не сакам да знам. Веројатно се осеќа (а и со право) како убиец. Проблемот во денешниов свет е колку што е страшен абортусот, продолжувањето на бременоста е уште пострашно.

Иако од горе реченото изгледа како да не го оправдувам абортусот, не е така. Се работи за две зла од кои абортусот е она помалото, но мислам дека есенцијално е да се најде решение како да се спречи несаканата бременост, а не како таа да се прекине. Криминализацијата на абортусот не е правиот пат кон ова решение.

NightHawk

## 32. Рецепти

From : BETI DEJANOVA
Number : 51 of 162
To : ALL
Date : 20/01/96 11:48
Subject : bombici

Честита слава на сите Јован-овци со:

**Бомбици од лешник**

Се замесуваат 1/4 мелени лешници со 1 чаша шеќер, 2 белки и некоку капки портокал. Се прават бомбици и во секоја се вметнува по 1 цел лешник...се печат на 100 Целсиус.

**Бомбици од чоколада**

Се замесува 250 гр чоколада (изрендана) со 100 гр просеан шеќер во прав и 150 гр бадеми (пропржени и истолчени)...се додава и малку млеко и се прават бомбици кои потоа се тркалаат во изрендана чоколада измешана со кристален шеќер.

Бети

## 33. Радио и ТВ

From : ANI DONCEVA
Number : 205 of 347
To : ALL
Date : 22/01/96 20:47
Subject : Sinhronizacija

AK> PJ) П.С. Задоволството на филмот е да го слушнеш правиот јазик на кој филмот е правен. А не да слушаш еден куп кретени... Како кај нас на МТВ со цртаните во недела од 19:00. 10-на улоги во тој цртан ги глумат само 2-3 наши актери. Така да секој втор глас звучи исто. :( Тажно

ТАЖНО е што глумат само два-три актери при синхронизирањето на цртаните филмови! Имајќи во предвид дека цртаните филмови се во голем дел наменети за деца во предучилишна возраст кои не знаат да читаат, синхронизирањето во ваков случај си наоѓа полна оправданост.

И синхронизирањето како и многу други работи е само прашање на навика. Сигурно дека е подобро да се гледаат странски филмови кои се титлувани, меѓутоа знае да биде доста практично при следења на разговори, интервјуа, документарни емисии и сл. Вака не мора да седиш пред телевизорот, туку можеш да работиш нешто друго и истовремено да ја слушаш емисијата.

## 34. Техника/ Електроника

From : FILIP VIDINOVSKI
Number : 104 of 151
To : DRAGAN TOMOVSKI
Date : 25/01/96 19:31
Subject : Касета во диско

DT> FV> DN> Зошто не и на трака? Бидејќи е во спротивност со Член 1. Став 1. од Законот за пуштање на музика на разглас посилен од 1KW кој вели дека "Секој оној кој ќе пушти касета во дискотека ќе мора да ги плати прегорените звучници, ќе мора да плати отштета за оштетувањата.

DT> Филип, ова сериозно? Ај ако сакаш напиши нешто околу ова ...

Сосема сериозно! Природата на објаснението налага да го пратам во оваа конференција (Електроника...). Причините се многубројни...

*1. Субјективни:* Касетата како медиум во принцип не нуди доволна динамика. Константен шум од секаков вид е нешто што би можело да "помине" во домашни услови, но при извонредните гласности во дискотеките тоа е нешто што е недозволиво и што едноставно му пречи на увото. Понатаму, шумот сам по себе не е најстрашната појава. На толкави снаги и најмали недоследности во звукот апла се забележуваат. Доволна е една чинела или добош да чуеш како бедно звучат на 1000W од касета, и да ти се смачи и музика и сѐ. Звукот од касета е сето она што звук во дискотека не би смеел да биде: затворен, апатичен, сув и полумртов и е сѐ освен пријатен за слушање.

*2. Објективни:* Колку и парадоксално да звучи, со зголемување на моќноста на звучникот шансите за негово прегорување се зголемуваат. Така, на пример, доколку некој звучник од 0.25W се изложи на 100% поголема моќност (0.5W) десетина секунди, шансите за негово прегорување се речиси никакви. Но, доколку еден звучник од 2000W се изложи макар и за милисекунда на некои 4000W, речиси е сигурно дека веднаш ќе ја испушти душата. Имајќи ги овие нешта на ум, работењето со дискаџиско озвучување е исклучиво пипава задача која налага елиминирање на сите ризици и неповолни фактори во најголема можна мера, вклучувајќи ги тука и касетите, кои освен музиката на звучниците им пласираат и огромно количество на диви хармоници и шумови кои, засилени од некој повеќекиловатен засилувач, претставуваат вистинска чума за нив.

*3. Практични:* нема ништо поглупаво за DJ-от од премотување на разноразни касети и барање на песни. DJ-от е временски ограничен (си пуштил некоја песна која трае 3 минути, а за тие три минути треба од еден куп касети да ја ископаш онаа која ти треба и уште да ја пронајдеш пес-






ната која ти треба, па кај е почетокот, па дали е со Dolby снимена, ти-реков, мирече...), а неговата креативност е сведена на 0 (на касетофон не можеш да скречуваш, да забрзуваш, да забавуваш...). Навистина, до сега не сум чул за нити една пристојна дискотека каде што се пуштаат касети. Остај ги овдешниве џибери кои се нарекуваат себеси DJ-и. Пацери се речиси сите.

*4. Емотивни:* нема ништо по cool од два грамофони, двоканална миксета и еден куп црни винилки. Тоа е за мене дефиниција на DJ-ување.

ФилипВ

## 35. Дроги

| | |
|---|---|
| From | : GORAN KOCOV |
| Number | : 189 of 491 |
| To | : MIRKO SPIROSKI |
| Date | : 11/02/96 18:53 |
| Subject | : |

GK>RM> ... знаете колку е тешко тоа и каква борба е. Дека имала дрогата и некои добри пропратни особини? Кои? Привремено уживање?

GK> Ќе дадам пример за една конструктивна работа која е направена под дејство на дроги. Огромен е бројот на сликари, писатели и разни други видови уметници кои можеби никогаш не би направиле такви ремек дела кога не би биле по дејство на дроги. Да не дојде до забуна, воопшто не го оправдувам користењето на дроги, туку сакам само да кажам дека покрај оние 99,99% штетност, постои и 0,01% корисност. Друго прашање е дали тоа се исплати.

NightHawk

MS> *Многу дискутабилна идеја која се провлекува низ оваа конференција е дека дрогите барем маааалку се корисни. Јас сакам да поставам прашање. Дали делата на човекот треба да се создаваат под влијание на дроги (или лекови), или тие треба да бидат резултат на чистата човекова природа? Да замислиме дека еден човек уметник ќе создаде многу интересно дело под дејство на смртни дози радиоактивно зрачење. Тој се озрачува, создава "ремек дело" и умира. Во тоа ли е смислот во уметноста? За мене НЕ. Дефинитивно не е.*

*MirkoS*

Што се подразбира под чиста човекова природа? Еве еден пример за правење уметничко дело под влијание на надворешни фактори кои директно влијаат на човечкиот ум, а немаат врска со дрогата. Стивен Кинг идејата за својот расказ "Word Procesor of the Gods" (мислам дека вака се викаше) ја има добиено кога лежел дома со висока температура и бил во бунилна состојба. Дали неговото дело треба да го припишеме на него самиот или на влијанието на микроорганизмите што биле во него во тој момент? Конечно ние сме постојано под влијание на најразновидни фактори кои влијаат на еден или на друг начин на нашата свест. Проблемот кај дрогата е што таа влијае драстично и МНОГУ разорно на нас. Ако во тоа влијание може да се најде еден мал позитивен момент тој не треба ниту да се величи ниту пак да се негира. Кој е спремен да го искуси целиот пекол на дрогата за да го пронајде тоа мало позитивно делче нека повели. Јас? Не фала.

NightHawk

P.S. Што се однесува до смислот на уметноста на тоа овде не му е место па ќе го кажам само ова. Ако уметникот го вреднува своето дело повеќе од животот зошто да не? На крајот на краиштата тоа е негов избор.

## 36. ОБРАЗОВАНИЕ

| | |
|---|---|
| From | : RAMONA MARKOSKA |
| Number | : 484 of 488 |
| To | : OGNEN IVANOVSKI |
| Date | : 08/04/96 18:35 |
| Subject | : izborni predmeti |

Поракава ме инспирира да напишам нешто, иако не знам колку суштински ќе допре до тебе. Во секој случај, препрочитај ја по 7-8 години. ;-))))). Тогаш наполно ќе ја разбереш, а дај боже приликите толку да се променат да воопшто не ѝ го наоѓаш смислот тогаш. Но.........

OI>RM> Не си во право. За голем број од многу аспекти средното образование е и конечно, и тука МОРААТ да го направат својот избор. Кое решение го предлагаш за оние кои не сакаат или не можат да студираат?

OI> Ok, you've got the point. Решение....Кажи ми вака, кога некој средношколец ќе матурира во насочена школа, во каква предност е тој пред матурант од гимназија во таа област?

Во која област? Смеровите и во гимназиите и средните училишта се различни, и не може да се каже дека станува збор за дуплирање на области. Ако баш сакаш, еве ти:

- Матурант во гимназија има ЕДИНО предност ако мисли натаму да студира, и ако е СИГУРЕН дека ќе дипломира.

- Матурант од средно насочено училиште е во предност на СИТЕ други случаи (не ги набројувам, сметајќи на твојата имагинација) (инспирација од жив пример)

Зошто човек учи? 1. За да научи, за да знае. 2. За обезбедување на егзистенција. 3. За морална сатисфакција.

1. Стоматолог хирург си ја знае еднакво работата како и фризерка. Двајцата можат да бидат лоши и добри во она што го научиле, независно од професијата, и тоа ќе знаат да го оценат муштериите, издвојувајќи ги баш нив од конкуренцијата. (Било какви коментари околу ова би биле дискриминација, нели?)

2. Фризерката за едно обично еве да кажеме, средување на обликот и фенирање зема ИСТО толку колку и лекарот, за вадење заб (во што покрај техниката зад која стои искуство се рачуна и инекција и пар ракавици), а тоа е ваму 300 денари. Ако се добри во струката, гужвата е иста и кај двајцата, а "интервенција" се добива со закажување. (Исто и моралните одговорности-фризерката е еднакво "оптеретена" да не не ти ја погоди фризурата, како и докторот да не ти го поткрши забот, се разликува само по тоа кому колку време му требало да го научи тоа што го работи).

3. Лекарот не можел да студира ако не бил соодветно добро поткован, речиси задолжително гимназија. Фризерката можела да биде слаба ученичка во средно, било кое насочено, или и да не го заврши, но ете да биде добар занаетчија, чија струка е општествено барана и вреднувана. Лекарот скоро да МОРАЛ да оди во школо кое ќе му пружи основа, а фризерката НЕ НАОЃАЛА за згодно, како и огромен број на луѓе да го направи тоа.

Е, сега... не е сѐ во парите....точно. Поважни се ЗДРАВЈЕТО и ЉУБОВТА ама тие и онака НЕ СЕ ДОБИВААТ ВО ОБРАЗОВАНИЕ. Има нешто и во МОРАЛНА САТИСФАКЦИЈА! Тоа се оние вредности кои им се всадуваат на младите додека се школуваат, тој прекрасен период .... од чисто морален аспект ... особено ... :-). На фризерката и слличните многу им значи што не се начитани и немаат општа култура, бидејќи се чувствуваат фрустрирано кога излегуваат во исти локали со интелектуалците. А, што не научиле да програмираат во (не)завршените средни училишта...тоа ако! Знаат доволно за некого да побараат и да му _платат_ да им направи програма за книговодство. И, тука ти е рамнотежата...за тоа треба да постојат, за да си ги разменат услугите со "гимназијалците". Замисли си ако сите учеа гимназија, кој ќе не потстрижуваше ? :-)))))). А тоа не е така неважно. Кому ќе му продававме компјутери и програми за во салонот?

Колку овие две категории суштински се еднакви, бидејќи кога ќе поминат години, сѐ се заборава а се памети само тоа во кој период што човек суштински доживеал како задоволства, се осознава дури многу покасно. На оние кои типуваат на интелектуалната наобразба, им останува големата сатисфакција и задоволство, што тие за да успеат морале многу да го користат својот мозок, бидејќи не можат да бидат сите касапи, козметичари и фризери, нема да има вработување. Еден лекар- хирург, и една фризерка, (или дуќанџија) би биле вреднувани како еднакво доходовни муштерии кај еден програмција, кој компјутер и програм за евиденција, би им продал по скоро иста цена. А "искористувањето" на неучените? :-)))). Ама ајде! Во секоја бранша ако човек не може сам да се издвои ќе се најде некој "образован" или "необразован" да те вработи да работиш за него и освен дипломата, ќе те користи, еднакво бескрупулозно, ако е образован, тоа ќе го прави на "бирани" начини.

Гимназијалка, како и ти, која мислеше до скоро, само такви постојат.

П.С. Ова за искористувањето, секако не важи за способните генетичари, инжењери, доктори... кои кога и да е ќе создадат сами свој бизнис.

П.С.2. Но во ист контекст ни за способните кафанџии, дуќанџии, козметичари, и секако ... фризерки. :-)))) (На кои им фали само МОРАЛНАТА САТИСФАКЦИЈА ;-))))), кои не учат гимназија, а средно масочено завршуваат "имиџа ради"!

Рамона

